# Извадок на дел од дневни настани 16.07.2020

На 16.07.2020 во 01.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „11 Октомври“ го лишиле од слобода Ж.М.(37) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.07.2020 во 13.15 часот било пријавено дека во Пробиштип на ул.„Миро Барага“, во близина на крстосницата со ул.„Тодор Александров“, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „сузуки свифт“, со штипски регистарски ознаки, управувано од Ф.П.(67) од Пробиштип и мотоцикл „кавасаки“, без регистарски ознаки, управуван од С.А.(26) од Пробиштип. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од Полициската станица Пробиштип.

На 15.07.2020 во 23.35 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосница од ул.„Џон Кенеди“ и ул.„Кемал Ататурк“, патничко возило „фолксваген голф“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Н.А.(57) од Скопје, удрило во пешак С.С.(55) од Р.Косово. Во незгодата, пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза“, каде што бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од екипа од СВР Скопје.

На 15.07.2020 во 13.00 часот на Граничниот премин „Меѓународен аеродром Скопје“, на влез во РСМ, по извршена проверка на Б.Д.(19) од с.Бојане, скопско, било констатирано дека во оперативната евиденција се наоѓал на листата со мерка „апси“ од Одделението за потраги. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од Полициското одделение Петровец за понатамошна постапка.

На 15.07.2020 во 09.50 часот во Полициската станица Аеродром, Б.С.(65) од Скопје пријавил дека на ул.„23 Октомври“ била касната од куче скитник.

На 15.07.2020 во 18.30 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Р.(21) од Скопје пријавил дека на ул.„Горно Лисиче“ бил каснат од куче скитник.

На 16.07.2020 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при Бирото за јавна безбедност на наплатна станица Миладиновци извршиле преглед на патничко возило „ауди“, со струмички регистарски ознаки, управувано од Т.В.(46) од Струмица, а со живеалиште во с.Костурино, струмичко. При прегледот, во возилото бил пронајден кокаин. Т.В. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.07.2020 околу 22.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека во градинка на ул.„Коста Новаковиќ“, додека се вршело пребројување на гласачки материјал, се слушнало пукање, а проектил завршил во гласачкото место бр.2687, каде биле присутни претседателот и седум членови на Изборната комисија. Повредени лица нема, а оштетен е ѕидот низ кој поминал проектилот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.07.2020 околу 22.15 часот во Полициската станица Центар, С.Ф. од Скопје пријавил дека додека седел со неговиот малолетен син во една од собите од семејната куќа на ул.„Мирослав Крлежа“, се слушнало пукање од огнено оружје, а проектилот го пробил покривот и паднал на паркетот во нивна близина. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.07.2020 околу 22.20 часот во Полициското одделение Сарај, В.Д. од Сарај пријавил дека на ул.„10“, на неговото паркирано патничко возило „фолксваген пасат“, со скопски регистарски ознаки, му било оштетено задното ветробранско стакло од проектил од огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2020 во 04.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека моторно возило „форд транзит“, со гостиварски регистарски ознаки, што го управувал Ф.А.(35) од Гостивар, се запалило во движење во непосредна близина на наплатната станица Тетово. Во возилото се наоѓале пет членови на Општинската изборна комисија Гостивар, кои го превезувале избирачкиот материјал во Скопје. Материјалот воопшто не бил оштетен, бил префрлен во друго возило и бил испратен во Државната изборна комисија.

На 15.07.2020 околу 11.00 часот во дворот на училиштето „Зини Хани“, во струшкото село Велешта, В.Ќ.(31) и А.Ќ.(28), двајцата од истото село, го нарушиле јавниот ред и мир. Тие најпрво упатиле навредливи зборови, а потоа и физички нападнале полициски службеник кој извршувал службени дејствија во врска со предвремените парламентарни избори. По целосно документирање на случајот, против напаѓачите ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.07.2020 околу 18.00 часот во Полициската станица Крушево било пријавено дека во близина на спортската сала во с.Бучин, крушевско, на околу 200 метри од гласачко место, настанала расправија помеѓу две групи на граѓани, по што полициски службеник од Полициска станица Крушево, кој вршел обезбедување на гласачко место, издал наредба да престанат со нарушувањето на јавниот ред и мир. Тие не послушале, по што полицискиот службеник од службениот пиштол испукал два предупредувачки истрела во воздух. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 15.07.2020 во 16.50 часот во СВР Тетово, шеесет и тригодишна жителка на тетовско село пријавила дека еден час пред тоа, во нивната куќа, била физички нападната од нејзиниот 68-годишен сопруг. Тој бил лишен од слобода и задржан во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот.

На 15.07.2020 во 19.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред основно училиште „Кирил и Методиј“ во с.Кучевиште, поради нерасчистени семејни односи и меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Ш.(40) и С.Д.(30), двајцата од с.Кучевиште. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.07.2020 во 11.40 часот во Полициската станица Крива Паланка било пријавено дека на ул.„8 Октомври“ настанал пожар во куќа сопственост на Љ.П.(57), која како последица на пожарот починала. Пожарот бил изгаснат од Противпожарната екипа на Крива Паланка.Се работи на расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против угостителски објект од Струмица и Б.Д.(32) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Второпријавениот, во својство на сопственик и управител на првопријавеното правно лице, не ги почитувал препораките и одлуките на Владата, со кои се определуваат мерки за сузбивање и спречување на ширење заразна болест ковид-19 и дозволил објектот да работи на 27.05.2020 во 23.45 часот, а на шанкот биле затекнати повеќе лица кои стоеле и консумирале пијалаци.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против З.Р.(42) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавениот, без дозвола и без оправдана причина за итност бил затекнат надвор од својот дом и не се придржувал кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на Р.С. Македонија“, со цел спречување на ширење на заразната болест ковид-19 и заштита на населението.

На 16.07.2020 во 01.00 часот во Полициската станица Карпош, П.Ј.(43) од Скопје пријавил дека на 15.07.2020 околу 23.45 часот во фитнес зона во близина на угостителски објект на бул.„Партизански одреди“ бил физички нападнат од неколку лица кои му одзеле мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.07.2020 во 05.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на бул.„Јане Сандански“ едно лице со закана со пиштол одзело пари од вработената. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.07.2020 во 05.20 часот во СВР Скопје, Ф.И.(51) од с.Лака-Крушопек пријавил дека околу 04.00 часот забележал дека едно лице кое го посипало со запаливо средство и го запалило паркираното патничко возило џип „мерцедес МЛ 320 ЦДИ“, со скопски регистарски ознаки, сопственост на неговиот син Ј.И.(26) од с.Лака-Крушопек. Пожарот бил изгаснат од сопствениците, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 15.07.2020 во вечерните часови во СВР Скопје било пријавено дека се слушало пукање од огнено оружје. Од страна на полициски службеници било евидентирано дека во периодот од 21.15 до 23.00 часот, за време на одржување на јавен собир на политичка партија на плоштадот Скендербег, од неколку правци се слушнале повеќе рафали од огнено оружје. Се работи на расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет